ЛЕТО 2003 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

Наскоро Биљана нема да може да го бели платното 3

Помош во приоритетните инвестициони програми за животна средина 4

Затворање или продолжување на проектот РЕРеП 1.8 ? 6

Активности на невладините организации 8

Training for Young Environmental Leaders 2004 9

## Вистински избор безоловен бензин




*Македонија го следи светскиот тренд на фазно отстранување на оловото од бензините.*

*За таа цел Министерството за животна средина и просторно планирање со помош на домашни и меѓународни експерти спроведува активности кои опфаќаат:*

*- Подготовка на Основен план за фазно отстранување на оловните бензини од употреба со кој се опфатени здравствените, техничките и финансиските аспекти за спроведување на двете фази за комплетно отстранување на оловото од бензините до 2006 год.*

*- Подготовка на Комуникациска стратегија која опфаќа и Кампања за јакнење на јавната свест за :*

*1. Промоција на употребата на безоловните бензини;;*

Продолжува на страна 2

*2. Штетното влијание на оловните бензини врз човековото здравје и животната средина и*

*3. Финансиските поволности во однос на користењето безоловни бензини (безоловниот бензин е за 7% поефтин).*

*Во проектот се вклучени претставници на сите заинтересирани страни: производители и дистрибутери на горива, претставници на владините институции, академските институции, невладини организации како и асоцијации на возачи, потрошувачи и дистрибутери на возила.*

*За време на подготовката на Основниот план за отстранување на оловните бензини веќе беа реализирани активности кои ќе доведат до примена на нов квалитет на горива со помала содржина на олово за 75% од досегашната дозволена со стандардите за квалитет на оловните бензини (концентрацијата на олово во бензините ќе се намали од 0,6 гPb/l на 0,15 gPb/l).*

*Со стартување на кампањата за промоција на користење на безоловните бензини се очекува потрошувачката на безоловен бензин да се зголеми од сегашните 44,7% до 60% до почетокот на 2004 год.и до 70% до 2005 год.*

*Се очекува овие активности од првата фаза да придонесат кон драстично намалување на вкупната емисија на оловото од мобилните извори од сегашните 47 т/год. до 10,5 т/год.*

*Втората фаза опфаќа реализација на предвидените економски, финансиски и технички мерки кои се предвидени во Основниот план за отстранување на оловните бензини со што од почетокот на 2006 год. во Македонија ќе се продава само безоловен бензин. Со успешна реализација на втората фаза се очекува намалување на вкупната емисија на оловото од мобилните извори од 10,5 т/год. на помалку од 1 т/год.*

*Кампањата за отстранување на оловните бензини во Македонија е започната!!!*

*Како можете да се приклучите?*

*Побарајте ја брошурата "Вистински избор-безоловен бензин (ја има на сите бензиски пумпи) и пронајдете го типот на вашето возило и годината на производство. Погледнете дали веднаш без никакви интервенции може да преминете на безоловен бензин или пак се потребни минимални интервенции (наведени се во брошурата) кои ќе ги направи вашиот автомеханичар.*

***За повеќе информации околу можноста да се префрлите на безоловен бензин може да се јавите на инфо линијата 9801***

**Подготвила:**
***Славјанка Пејчиновска-Андонова***
e-mail: slavjanka@rec.org.mk

# Нов извршен директор на РЕЦ

**»Причината поради која РЕЦ се фокусира кон образованието и обуката е да се промени начинот на размислување на генерациите кои доаѓаат«** Marta Sziegite Bonifert



Од јуни 2003 година, Регионалниот центар за заштита за животната средина има нов извршен директор. Тоа е г-ѓа Марта Сигети Боniферт (Marta Szigeti Bonifert). Г-ѓа Бониферт претходно работела 12 години во Институтот за заштита на животна средина и води од Унгарија. Исто така работела и за други мултинационални компании како UB/Gyori Keksz, Vivendi Telekom Hungary и ING Group (како раководител на одделот за човечки ресурси, а исто така и како комерцијален директор за регионот на Југоисточна Европа). Г-ѓа Бониферт ќе ја извршува функцијата извршен директор на РЕЦ во наредните две години, односно до јуни 2005 год.

**Адреса на главната канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната
средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2/2
1000 Скопје
Тел: 02 3131 904
Факс: 02 3128 116
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# Наскоро Биљана нема да може да го бели платното

Охрид, градот кој е под заштита на УНЕСКО, се соочува со еколошки проблеми и бара начини за нивно решавање. Дали Македонија ќе успее да најде решение за заштита на Охрид, останува неодговорено прашање.

Познатото Охридско Езеро е атрактивно место за туристи од цела Европа, а исто така е опеано во многу народни песни. Најголемиот дел од луѓето кои го посетуваат езерото не се свесни за еколошките проблеми со кои се соочува овој регион. Еден од овие проблеми е исчезнувањето на познатата Охридска Пастрмка. Таа е посебен специјалитет, кој што секој посетител на Охрид сака да го проба.

Денес, Македонија и Албанија, се соочуваат со можноста да се прогласи пет годишен мораториум за риболов во Охридското Езеро. Илегалниот риболов е основен извор на приходи за голем број на семејства кои живеат покрај езерото, но тоа исто така е и најбрз начин за истребување на охридската пастрмка, која е ендемичен вид и живее само во ова езеро. Овде прекумерниот риболов е константна навика во секое време од годината, иако риболовот е забранет за време на мрестењето, објаснува Димитар Талевски од мрестилиштето Шум кое се наоѓа во близина на Струга.

Концесијата за риболов ја користи локалната компанија "Охридска Пастрмка", која е исто така одговорна, заедно со полицијата, да го набљудува риболовот во езерото. Митко Димовски, директор на "Охридска Пастрмка" вели дека проблемот постои поради илегалниот риболов и поради големата количина на риба што се лови секој ден. Ретко некој од илегалните риболовци е фатен, а уште помалку од нив се казнуваат. Казната за илегален риболов е 33 Евра, што е еднакво на цената на 2,5 кг. риба на пазарот.

Друга закана за пастрмката е постојаното загадување на езерото. Доколку нешто не се направи за заштита на Охридското Езеро, наскоро Биљана нема да може да го бели платното на брегот од езерото. Денес никој не бели платно во езерото и тоа не е причина за загадување на езерото, но навиката е трансформирана во друг вид на загадување. Според Извештајот за состојбата на животната средина, најагресивни извори на загадување се комуналните и индустриските отпадни води, големите количини на нанос од реката Сатеска, урбанизацијата на брегот на езерото, пестицидите од земјоделството. Загадувањето не е локален проблем на жителите на Охрид. Езерото е меѓуграничен воден басен - една третина е во Албанија - така што проблемите со загадувањето ги засегаат двете земји.

Секој обид од Македонската страна за заштита на езерото треба да биде проследен со итна реакција од Албанија. Со цел да се постигне тоа, беше започнат 4-годишен Проект за заштита на Охридското Езеро (ПЗОЕ). Овој проект има тешка задача да најде решение на проблемот со загадувањето. На крајот од овој проект, финансиран од Светската Банка и вклучување на меѓугранична соработка на владите на Македонија и Албанија, прашањето за ефикасноста на неговите активности е се уште отворено. Додека претставниците на владите се задоволни од нивната работа, локалните власти тврдат дека тие не гледаат резултати од ПЗОЕ. Сите овие проекти функционираат теоретски, но недостасуваат практични резултати - изјавува Танас Танасовски, главен комунален инспектор во општина Охрид.

Локалните НВОи се вклучени во процесот на заштита на езерото, но нивните активности останувааат надвор од рамките на проектот. Ние учествувавме на тренинзите од ПЗОЕ, но не ја добивме ветената финансиска помош - вели Диме Голубовски од Зелен Центар од Струга.

Македонски официјални лица објавија дека ќе има пари за продолжување на проектот. И Македонија и Албанија бараат да се формира агенција која ќе има задача заштита на Езерото. Во врска со ова Светската Банка е незадоволна што локалните албански власти продолжуваат да градат хотели на брегот, иако канализацијата и другите отпадни води од Албанскиот град Поградец се слеваат директно во езерото.

Покрај ова, илегалниот риболов со динамит е честа појава кај многу риболовци од албанската страна. Владата на Албанија признава дека не можат да ги контролираат сите активности на општината. Недостатокот на локална одговорност може во иднина да предизвика повлекување на целата финансиска помош за заштита на езерото од страна на Светската Банка.

Двете страни се расположени да го одобрат предлогот за воведување 5 годишен мораториум за риболов во езерото. Ние ќе ги поддржиме сите активности кои се научно докажани како ефективни за заштита на езерото - изјавува Besnik Baraj, Заменик Министер за животна средина на Република Албанија.

Предлогот за мораториум доаѓа од Хидробиолошкиот Завод во Охрид, со цел да се запре константното намалување на пастрмката во последните години. Постојаното загадување на езерото ќе предизвика еутрофикација на езерото, кое што сега се смета за олиготрофно или езеро со чиста вода. Еутрофните езера имаат голема количина на растенија и се карактеризираат со матни или зелени води. Пастрмката живее само во чисти води.

Покрај прекумерниот риболов, пастрмката се соочува и со нарушување на традиционалните мрестилишта. Едно од овие мрестилишта е и појасот на трски кој се наоѓа покрај брегот. Локалните НВОи од Струга работат на заштита на трските од сечење поради проширување на плажите. Друг проблем за појасот на трските е незаконското депонирање на градежен отпад од страна на локалните жители. Досега се започнати постапки за 30 жители, но никој сеуште не е казнет - вели Владислав Жупан од општина Стуга. Казните варираат од 500 до 1000 Евра.

Охридското Езеро е еден од најголемите биолошки резервати во Европа. 10 од неговите 17 видови риба не живеат никаде на друго место во светот. Според извештајот за состојбата на животната средина, исто така има пет видови кои се ендемични во мали области од езерото, креирајќи посебни микро системи.

И покрај тоа, има само еден инспектор за животна средина за регионот на Охридско Езеро, кој се наоѓа во Битола, околу 100 км оддалеченост од Охрид. Далечината ја прави контролата неефикасна. Хидробиолошките Заводи од Охрид и Тирана ги набљудуваат процесите во езерото. Лабораториската работа е поддржана од ПЗОЕ. За овој проект беа доделени 4 милиони Евра, но по две продолжувања на проектот и пет промени на раководителите на проекти, малку работи се направени.

Институционалното јакнење и промените на легислативата се се уште во тек. Стратешкиот план за управување со сливното подрачје не е завршен. Подигањето на јавната свест, која што делумно беше задача на локалните НВОи, исто така доживеа неуспех. Според претставници на локалните власти, големите хотели не ја плаќаат таксата која ја должат на властите. Сите активности за чистење на езерото се финансирани од локалните власти, кои се покажуваат како недоволно способни да ги одржуваат езерото и неговиот брег чисти.

Во моментот, главно прашање за Бордот за управување со Охридското Езеро, како дел од ПЗОЕ, е дали ќе се успее во зачувување на едно од најстарите езера во светот на време и да се докаже дека парите од грантот не се потрошени залудно.

**Подготвила:**
***Елина Рочалова***
"Blue Link" - Бугарија
e-mail: elina@bluelink.net

# Помош во приоритетните инвестициони програми за животна средина

Во рамките на проектите РЕРеП 1.2: "Помош во приоритетните инвестициони програми во животната средина - развој и спроведување", и РЕРеП 1.5.1 "Вмрежување на финансиските експерти и експертите од областа на животната средина во ЈИЕ", се одржа вториот регионален состанок за претставници од министерствата за животна средина на земјите од Југоисточна Европа. Состанокот се одржа во Охрид во периодот од 11 до 13 јуни 2003 година.

Општата цел на овие два проекта е да овозможат утврдување на национални и регионални приоритетни проекти во областа на животната средина, помош во планирањето и финансирањето на инвестициите во областа на животната средина во Југоисточна Европа, како и зајакнување на институционалниот капацитет на земјите од регионот во оваа област.

На вториот состанок беа презентирани резултатите од програмата за приоритетни инвестиции во областа на животната средина, пред се на претставниците на финансиските организации и земјите донатори. Исто така се дискутираше и за идните можности за спроведување на приоритетните проекти, како и за понатамошните активности на мрежата на финансиските експерти и експертите од областа на животната средина во ЈИЕ.

Заклучоците од состанокот укажуваат дека регионални приоритети во земјите од ЈИЕ, користејќи го БДП, се: емисии на $SO_2$, управување со комунален отпад и третирање на отпадните води. Секоја од земјите учеснички учествуваше со своја презентација.

Во презентацијата за Македонија беа посочени неколку приоритетни инвестициони проекти кои треба да се превземат во областа на животната средина:

- Термоцентралата РЕК Битола: воведување на систем за третирање на сулфур триоксид; систем за следење на квалитетот на воздухот;
- МХК Велес -Топилница на олово и цинк: намалување на прашината и загадувањето на воздухот и почвата; неутрализација на отпадните гасови од погонот за производство на сулфурна киселина,
- ОХИС Скопје: систем за третман на отпадните гасови и реконструкција на станицата за третман на отпадни води; решавање на проблемот со отпадот од погонот за бои и лакови;
- Модернизација на санитарната депонија Дрисла
- Системи за третирање на отпадни води за Битола, Прилеп, Велес и Скопје.

Општ беше заклучокот дека постои недостаток од релевантни споредбени податоци за состојбите како и незадоволително ниво на техничка документација за повеќето проекти.

Овие два проекта, кои се финансирани од страна на Европската Комисија во рамките на првата компонента од РЕРеП програмата, имаат свое продолжение и во наредните две години.

Подетални информации може да се добијат во Канцеларијата на РЕЦ,

**лице за контакт:**
***Даниела Симова,***
e-mail: daniela@rec.org.mk

# Тренинг за новинари од Југоисточна Европа

Во периодот 20-24 јуни, 2003 год. во Охрид се одржа тренинг работилница со наслов ***Животна средина во вестите***. На оваа работилница учествуваа 12 новинари од различни видови медиуми кои работат на животната средина во регионот на Југоисточна Европа и тоа од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Србија и Црна Гора и Македонија. Работилницата ја водеше г-дин Пол Браун (Paul Brown), еколошки кореспондент на весникот Гардијан од Лондон. Работилницата се реализираше преку предавања, посети на организации и институции кои работат на заштита на Охридското Езеро, интервјуа со претставници на невладини организации, локалните власти и бизнис секторот од Охрид и Струга. Голем дел од работилницата беше наменет и за индивидуална работа на учесниците, односно пишување на новинарски написи во врска со езерото. Работилницата беше реализирана во рамките на проектот РЕРеП 2.1: Регионален еколошки прес центар.

Овој проект, како и повеќето други проекти од РЕРеП програмата се наоѓа во финална фаза од реализацијата. Последни активности кои треба да се реализираат се состанок на Надзорниот одбор на проектот, како и дводневна тренинг работилница за претставниците на невладините организации од Југоисточна Европа кои беа активно вклучени во реализацијата на проектот, како ресурсни канцеларии на Регионалниот еколошки прес центар. Овие два настана ќе се реализираат кон крајот на октомври во Македонија.

Паралелено со овие активности, се реализираат и активностите како што е издавањето и дистрибуцијата на двонеделниот електронски билтен за новинарите (SEE Environmental Watch) и постојаното одржување на веб страницата на регионалниот еколошки прес центар.

Адресата на веб страницата е http://www.repc.net, а на истата можете и да се пријавите за да го добивате двонеделниот електронски билтен.

# Извештај за семинари од РЕРеП 1.3 и 1.4

**Охрид 8-9 јули, 2003**

РЕЦ ја организираше втората национална работилница во рамките на РЕРеП 1.4 проектот *"Градење на капацитети за Оценка на влијанието врз животната средина (ЕИА) и Стратешка оценка на влијанието врз животната средина (СЕА) во Југоисточна Европа"*.

Работилницата беше фокусирана на Стратешка оценка на влијанието врз животната средина (СЕА) за планови и програми во Македонија.

Дводневната работилница овозможи обука на 38 претставници од владините институции, локалните самоуправи, невладините организации и други заинтересирани страни за основните елементи на стратешка оценка на влијанието врз животната средина на планови, програми и стратегии. Беа презентирани искуства од спроведување на стратешка оценка на влијание врз животната средина во Полска и Чешка.

При работата во групи, учесниците дискутираа и пополнија табела со листа на планови, програми и стратегии кои се изготвуваат во Република Македонија за кои е потребна изработка на стратешка оценка на влијанието врз животната средина.

Листата е дадена на експертската група во Министерството за животна средина и просторно планирање која работи на донесување на нов Закон за животна средина во кој се застапени и одредбите кои се однесуваат на стратешка оценка на влијание врз животната средина.

**Охрид 10-12 јули, 2003**

Во организација на РЕЦ се одржа регионална работилница "Подготовка на правната регулатива за Оценка на влијание врз животната средина во согласност со барањата на ЕУ" во рамките на проектите РЕРеП 1.4 и РЕРеП 1.3. На регионалната работилница присуствуваа 42 претставника од земјите учеснички во РЕРеП 1.3 проектот: Хрватска, Србија и Црна Гора со Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија како и предавачи од земјите на ЦИЕ: Чешка, Бугарија, Полска, Унгарија и претставник на Европска Комисија за прашања на ЕИА.

За време на тродневната работилница беа презентирани: националниот статус на изготвување на правна регулатива за ЕИА во сите земји учеснички, правната рамка и најновите измени во регулативата на ЕУ за ЕИА, проблеми со кои се соочиле земјите од ЦИЕ, особено земјите придружнички на ЕУ при апроксимацијата на националното законодавство со законодавството на ЕУ во однос на одредбите за ЕИА. Исто така беа дадени препораки за синхронизација и практично спроведување на меѓународните ЕИА барања во националните законодавства.

**Скопје 14-15 јули, 2003**

Како една од активностите на РЕРеП 1.3 проектот кој се однесува на поддршка во изготвување на националната правна регулатива од областа на животната средина, во Скопје се одржа дводневна работилница под наслов " Можности за развој на еко-етикетирање во Република Македонија засновано врз законски рамки на ЕУ".

На работилницата беа изнесени состојби и искуства на земјите членки на ЕУ (Германија) како и напорите на други земји од регионот (Унгарија и Хрватска) да го воведат доброволниот систем на еко-етикетирање и беше презентиран извештајот подготвен од унгарскиот експерт Д-р. Sofia Wagner за можностите на воведување на еко-етикетирањето во Македонија после извршената неколкудневна посета од страна на експертот на релевантни институции во нашата земја во месец јуни оваа година.

За време на работилницата интересот за воведување на еко-етикетата во Македонија беше голем и во дискусиите најголем акцент се даде на тоа кои производи можат да добијат еко-етикета, како ќе бидат креирани критериумите, кои институции ќе бидат вклучени во процесот на доделување на еко-етикета итн.

**Лице за контакт:**
***Славјанка Пејчиновска-Андонова***
e-mail: slavjanka@rec.org.mk

# Затворање или продолжување на проектот РЕРеП 1.8 ?

Проектот РЕРеП 1.8 или Проектот за Развој на Национални Информативни Системи за Животната Средина е во завршна фаза и како последен настан во Софија, Бугарија се одржа завршен состанок за овој проект во присуство на државите учеснички во проектот, стручни лица и донаторите. Целите на овој состанок беа да се разгледа прогресот и текот на проектот во сите држави. Развојот на проектите беше презентиран преку државни извештаи за досегашната состојба. Втора цел беше разгледување и идентификување на можностите за продолжување на проектот. Целна група на состанокот беа одговорните лица од државите учесници, претставници на владиниот сектор, НВОи, РЕЦ, експерти на Светска Банка и др.

За учесниците беше обезбедена обука за Стратешки комуникации и Односи со јавноста и обука за Интернет дизајн, сервис, проценка и промоција на веб страници.

Низ двата дена се разгледуваа слабите и добрите страни на проектите посебно за секоја држава. Секоја држава е во различна фаза на развој па така беа презентирани различни извештаи. Македонија може да се пофали со еден од подобро развиените Информативни Системи за животна средина за разлика од некои други држави во соседството. Проектот во Македонија е во завршна фаза. Истиот треба да обезбеди софтвер со кој ќе се подобри начинот на собирање и дистрибуирање на информации. Информативниот центар при Министерството за животна средина веќе има подготвено програма за финализирање на проектот и обезбедување на споменатиот софтвер. Договорот е потпишан со што и софтверот е во фаза на изработка. Целиот тек на проектот и постигнатите резултати во Македонскиот Информативен центар беа презентирани од страна на одговорните лица и беше дадена поддршка од страна на претставникот на НВОи и претставникот на РЕЦ.

За целото времетрање на семинарот имаше постер изложба со постер презентации на сите држави. Постигнувањата и професионализмот можеше да се види и од постерите. Одличен постер имаа и претставниците на НВО секторот на Хрватска и Ви предлагам да ги посетите на http://www.zeleni.hr.

Се чини дека многу од државите кои се вклучени во проектот можат да се пофалат само со желбата за успешно организирање на Национален Информативен систем и негово функционирање. Видливи беа големи разлики во развојот на проектот во другите држави. Иако некои држави добија поголеми, а некој помали финансиски средства, некаде има други проблеми, како претставник на НВОи можам да констатирам дека во некои од државите е многу малку направено и да го повторам моето мислење од минатиот состанок дека Македонија се повеќе и се поуспешно го развива системот за информирање за животната средина. Со моето го пренесувам и задоволството од некои од странските експерти и некои од соседните држави кои би сакале да го следат нашиот пример за развојот на Националните Информативни Системи за Животната средина. Хрватска беше лидер земја на проектот, и нејзините активности може да ги забележите на веб страната www.croea.com. Романија и Бугарија се далеку во развојот за разлика од Србија и Црна Гора и Косово, Албанија, па и Хрватска кои заостануваат.

Последниот ден беа разгледувани можностите за продолжување на проектот со размислувања за можни идни стратешки насоки:

- Продолжување со стратегијата за национален акционен план низ регионална рамка;
- Дигитализирање на податоците за вода, воздух, почва и др.;
- Зајакнување на пристапот до информации на локално ниво;
- Прифаќање и имплементирање на нови технологии (ГИС, мобилен, интернет);
- Размена на искуство преку размена на експерти и др.

Република Македонија беше избрана како земја лидер на проектот РЕРеП 1.8 доколку истиот продолжи. Останува за нас да се надеваме на продолжување на проектот и да се покажеме како добри организатори доколку тоа ни се овозможи. Македонската делегација ја претставуваа Корнелија Радовановиќ -РЕЦ, Методија Саздов-НВО, Зоран Лозановски, Трајче Донев-МЖСПП, и претставник на фирмата Акцент Компјутери -Скопје (Accent computers) која го доби тендерот за изготвување на софтверот за овој проект.

***Методија Саздов***
**Здружение на Инженери за Животна Средина**
*Развојна Програма*
e-mail: seedp@freemail.com.mk

# Активности во врска со развој на стратегии за спроведување на Архуската Конвенција

Во рамките на проектот РЕРеП 2.2: Поддршка во развојот на стратегии за спроведување на Архуската Конвенција, во изминатиов период беа реализирани следните активности:

- Членовите на експертскиот тим работат на подготвувањето на стратегијата за спроведување на Архуската Конвенција во Република Македонија

- Во мај и јуни 2003, беа реализирани три дводневни работилници на тема *"Практични аспекти од спроведувањето на Архуската Конвенција во Република Македонија"*. Работилниците се одржаа во Охрид, Дојран и Велес, а на истите присуствуваа претставници на невладини организации кои работат на заштита на животната средина.

- Во јуни 2003, се одржа втората Интерминистерска средба во Скопје со цел да се коментираат студиите кои ги изработија експертите, по што истите се финализирани.

Следните активности кои се планирани за реализација во рамките на овој проект се:

- Одржување на дводневна работилница на тема *"Практични аспекти од спроведувањето на Архуската Конвенција во Република Македонија"*, наменета за претставници на единиците на локалната самоуправа, која ќе се оддржа во периодот од 2-4 октомври 2003 година;

- Одржување на тренинг семинар на тема Архуска Конвенција за судии од основните и апелационите судови во Македонија, како и за судии на Врховниот Суд, кој ќе се одржи во октомври;

-Дводневна работилница на тема *"Воведни напомени за Архуската Конвенција"*, наменета за претставници на Министерствата и други државни институции кои имаат надлежности во заштитата на животната средина, која ќе се одржи во месец ноември;

- Издавање на илустрирана брошура за спроведување на Архуската Конвенција, наменета за државните службеници, која ќе излезе од печат во октомври;

- Издавање на илустрирана брошура за спроведување на Архуската Конвенција, наменета за граѓаните и невладините организации;

- Финализирање на стратегијата за спроведување на Архуската Конвенција во Република Македонија од страна на експертскиот тим;

- Организирање на четврта интерминистерска средба за презентирање на предлог стратегијата за спроведување на конвенцијата;

- Организирање на завршен Национален Состанок за отворени дискусии, во месец ноември, на кој ќе присуствуваат сите заинтересирани страни и тимот од Министерството за животна средина и просторно планирање и на кој ќе се дискутира за состојбите со имплементацијата на Архуската Конвенција и ќе се дадат препораки за понатаму.

Сите овие активности треба да се реалзиираат до крајот на ноември 2003 година. Подетални информации за текот на проектот:

***Лице за контакт:***
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
e-mail: kornelija@rec.org.mk

# Завршни активности во рамките на проектот "Поддршка на македонскиот правен систем со меѓународните *EIA* процедури"

Во мај и јуни 2003 год. во рамките на проектот се реализираа следните активности:

- формиран е тим од експерти кои присуствуваа на петдневната ЕИА обука (одржана во март 2003) кој изготви ЕИА студија за пречистителната станица за отпадни води во општина Сарај користејќи ги сознанијата за меѓународните ЕИА процедури;

- подготвен е прашалник за јавното мислење околу текстот на одредбите за ЕИА во работната верзија на новиот закон за животна средина и истиот е испратен до 250 адреси;

- одржани се три регионални средби со заинтересирани страни (вкупно 76 претставници на локалната самоуправа, невладините организации, владините институции и бизнис секторотземаа активно учество за време на одржувањето на средбите во Штип, Кавадарци и Скопје) со цел да се презентира текстот на одредбите за ЕИА во работната верзија на новиот Закон за животна средина и да се соберат мислењата, коментарите и забелешките од страна на јавноста;

- направена е анализа од добиените прашалници и коментарите и забелешките добиени за време на средбите и истите се сумирани и претставени во публикацијата "Национален преглед на ЕИА системот во Република Мкаедонија"

-Отпечатена е публикација на македонски и англиски јазик "Национален преглед на ЕИА системот во Република Македонија" со цел да обезбеди информации за ЕИА легислативата и процедурата во нашата земја и да информира за јавното мислење околу текстот на одредбите за ЕИА во работната верзија на новиот Закон за животна средина.

За примерок од публикацијата "Национален преглед на ЕИА системот во Република Македонија" слободно обратете се во нашата канцеларија!!!

***Лице за контакт:***
**Славјанка Пејчиновска - Андонова**
*Раководител на проекти*
e-mail: slavjanka@rec.org.mk



*Од средбата одржана во Скопје, јуни 2003*

# Активности на невладините организации

## Активности на ЕРИНА-правен центар за заштита на правата од областа на животната средина

Во рамките на РЕРеП 2.6 проектот "Поддршка во формирање на правни центри за заштита на правата од областа на животната средина во земјите на Југоисточна Европа" на почетокот на 2003 год. РЕЦ додели грант на правниот центар "ЕРИНА" од Скопје со цел финансиски да се поддржат, продолжат и прошират активностите кои правниот центар ги започна од 2001 год. Кофинансиер на активностите е Милиеуконтакт од Холандија. Во периодот од неколку месеци вработените во правниот центар "ЕРИНА" ги спроведоа планираните активности:

- Следење на медиумите кои известуваат за проблемите од областа на животната средина со цел да идентификуваат можни правни предмети-случаи. Како извори на информации се јавуваат: ЕКО НЕТ мрежата на невладини организации со својата електронска пошта и весник како и другите печатени и електронски медиуми. На овој начин беа идентификувани три правни предмети од областа на животна средина и на истите активно се работи;
- Средби со невладините организации со цел да се изврши промоција на услугите на "ЕРИНА" и да се идентификуваат можни правни предмети од областа на животната средина во директните контакти со активистите на локално ниво низ цела Македонија. За таа цел се организираа 4 регионални средби во Струга, Крива Паланка, Битола и Велес на кои се истакна интересот на невладините организации за соработка со правниот центар, се изложија проблемите на локално ниво и се предложија начини за понатамошна соработка;
- Директна комуникација (преку посета на правниот центар или преку телефон) со заинтересирани граѓани кои побарале правна помош за решавање на проблеми од областа на животната средина;
- Одржување на библиотеката со правна литература од областа на животна средина за потребите на самиот центар како и за надворешни заинтересирани странки;
- Давање на конкретна правна услуга во решавање на правни предмети од областа на животна средина во облик на правен совет, спроведување на административни процедури, пишување на правни документи и поднесување на истите пред надлежните тела, застапување пред надлежните институции и пред суд. Во процедура се 5 правни предмети и 8 правни предмети се иницирани;
- Подготовка на бизнис план за работата на "ЕРИНА" во следните три години;
- Формирање на Советодавен Одбор кој има за цел да ја зајакне соработката на правниот центар со невладините организации, да помогне во идентификувањето на правните предмети, да придонесе кон промоција на центарот итн.

Во колку сакате да дознаете повеќе околу активностите на правниот центар, ако имате "случај" од областа на животната средина, слободно јавете се или посетете ги!

**Правниот центар "ЕРИНА" може да го контактирате на адреса:**
"Лермонтова" 3/3 1000 Скопје
тел: +389 2 3 238-404
e-mail: centarerina@hotmail.com

## Еколошкото Друштво "Изгрев" од Свети Николе помага во активностите за спроведување на Архуската Конвенција во Македонија - информации за проектот: „Изнаоѓање одржливи решенија за елиминација на дивите депонии во општина Свети Николе преку имплементација на Архуската Конвенција"

Еколошкото Друштво "Изгрев" од Свети Николе доби финансиска помош од РЕЦ, во рамките на проектот РЕРеП 2.2 *"Градење на капацитети за спроведување на Архуската Конвенција во Македонија"*. Проектот има за цел да се изнајдат одржливи решенија за елиминација на дивите депонии во општина Свети Николе со широко учество на јавноста. Активистите на ЕД „Изгрев", со помош на граѓаните, локалната самоуправа, НВОи и државните власти ги реализираат следниве:

-**Активности на локално ниво**, кои вклучуваат реализација на леток, анкетен прашалник (за граѓаните и бизнис секторот), билтени, информирање преку еко пано, организирање средби со граѓаните од месните заедници во општината и средби со претставници на бизнис секторот. Како резултат на овие активности, од заинтересираните граѓани се утврди листа научесници на иницијативна средба, на која се одредија членовите на Граѓански комитет. Граѓанскиот комитет ја креираше **Нацрт стратегијата за управување со цврстиот отпад во општина Свети Николе**. Нацрт стратегијата е доставена до Советот на општината, по која ќе се расправа во Советот, со цел донесување заклучок за нејзино усвојување.

- **Активностите на национално ниво** вклучуваат лобирање за усвојување на Просторен план на РМ и Национална студија за управување со цврстиот отпад во РМ од Владата на РМ. Оваа активност е поддржана од Асоцијацијата на ЛЕАП-заедници, Движењето на екологистите на Македонија и Европскиот центар за малцински прашања-Регионална канцеларија, Куманово, како и локалните самоуправи на неколку општини.

Со реализација на овие активности општината има уште еден стратешки документ, Стратегија за управување со цврстиот отпад, искуство повеќе во учеството на јавноста при креирање на стратегии за живеењето во заедницата, што е уште една практична примена на Архуската Конвенција.

***Лице за контакт:***
**Владимир Гилев**
Тел: 032/ 444-600
e-mail: gilev2010@yahoo.com

# TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2004

## Supported by the Ministry of the Environment and Territory, Italy

ASSOCIAZIONE AMBIENTALISTA L'UMANA DIMORA Lazio

**Ready to take a big step forward?**
**Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?**
**Do you have the potential to be a leader?**
**Are you ambitious, talented and resourceful?**

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER for Central and Eastern Europe

**Introduction**

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

**Focus**

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

**International exposure**

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

**Eligibility and funding**

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Serbia and Montenegro..

The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

**Selection process**

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

***Schedule for 2004***

Training period/Application Deadline

Jan 12 - Feb 7 / Nov 10, 2003
Mar 8 - Apr 3 / Jan 12
May 3-29 / Mar 8
Jun 14 - Jul 10 / Apr 5
Sep 6 - Oct 2 / Jul 5
Oct 18 - Nov 13 / Aug 16

**Application and more information**

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at REC CO Macedonia (contact person: Ms. Marina Ordzanova; phone: 02/ 3131 904; e-mail: marina@rec.org.mk). Please complete the form in English, providing complete information as requested, and send it by e-mail, fax or post to.

*Adriana Craciun, Project Manager*
*NGO Support and Capacity Building*
*Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe*

*Ady Endre ut 9-11*
*2000 Szentendre, Hungary*
*Tel. (36-26) 504-068*
*Fax (36-26) 311-294*
*E-mail: acraciun@rec.org*

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

**Успешно завршување на проектот “Кампања за подигнување на јавната свест за донесување на законот за квалитет на воздух“**

Последна активност во рамките на проектот “Кампања за подигнување на јавната свест за донесување на законот за квалитет на воздух“ воден од Министерството за животна средина и просторно планирање и РЕЦ - Канцеларијата во Македонија беше одржувањето на дводневен состанок на сите заитересирани страни на 30 и 31 мај, 2003 година во Охрид.

На состанокот присуствуваа околу педесетина учесници, високи претставници и експерти од Министерството за Заштита на Животна Средина и Просторно Планирање, претставници од други министерства и владини институции што имаат обврски и надлежности поврзани со квалитетот на воздухот, претставници на индустријата и на невладиниот сектор, со цел да се коментира последната нацрт верзија на новиот Закон за квалитет на воздух. Нивното активно учество придонесе за тоа да низа од конструктивни забелешки и предлози бидат разгледани и прифатени и како резултат на овој процес во месец јуни, 2003 година се изработи финалната верзија на Законот за квалитет на воздух.

Со изработката на финалната верзија на законот се заврши и проектот што многу придонесе за:

- обезбедување новиот Закон за квалитет на воздух подобро да ги рефлектира постоечките потреби во Македонија;
- подигање на свеста на населението во Македонија за општите барања на европското законодавство за квалитет на воздухот, како и за процесот на подготовка на новиот Закон за квалитет на воздух;
- прибирање на податоци и мислења од сите заинтересирани субјекти во процесот на подготовка на законот, како и придонесување кон нивното подобро разбирање на одговорностите што ќе ги имаат со новиот закон;
- обезбедување на демократски процес на донесување на одлуки што е од витално значење за развивањето на демократско општество во Македонија.

Може да се заклучи дека бенефициите што Македонија ги доби од овој проект, вклучувајќи ги подигањето на јавната свест и

**Календар на настани организирани од Канцеларијата на РЕЦ во Македонија:**

| Датум | Место | Тема | Учесници | Информации |
|---|---|---|---|---|
| 06.10.2003 | Скопје | Спроведување на Архуска Конвенција во Република Македонија | Претставници на владини институции | Корнелија Радовановиќ kornelija@rec.org.mk |
| 25.11.2003 | Скопје | Интерминистерска средба за Спроведување на Архуска Конвенција во Република Македонија | Претставници на министерства и невладини организации | Корнелија Радовановиќ kornelija@rec.org.mk |
| 27-29.11.2003 | Охрид | Национален состанок за РЕРеП 2.2 | Претставници на национални власти, локлани власти и НВОи | Корнелија Радовановиќ kornelija@rec.org.mk |
| 04-06.12.2003 | Отешево | Еко-туризам | Претставници на локални власти, бизнис секторот и НВОи од Македонија, Албанија и Грција | Корнелија Радовановиќ kornelija@rec.org.mk |
| 10-14.12.2003 | Охрид | Национална средба за РЕРеП 2.6 | Претставници на министерства и НВОи од регионот на Југоисточна Европа | Славјанка П.Андонова slavjanka@rec.org.mk |

генерално многу позитивниот став на јавноста кон новиот Закон за квалитет на воздух, многу пати ги надминуваат вредноста на средствата и времето инвестирани за успешно завршување на проектот. Проектот беше финансиски поддржан од Германската Влада преку ГТЗ.

*Лице за контакт:*
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
e-mail: kornelija@rec.org.mk

## Веб страница на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија ја лансираше својата веб страница.

Веб страницата е креирана со основна цел дистрибуција на информации за РЕЦ и неговите активности до сите корисници на услугите на РЕЦ. Посетителите на веб страницата можат да дојдат до информации за моменталните проекти на РЕЦ во Македонија и да се информираат за идните активности на РЕЦ. Исто така преку веб страницата ќе можат да ги разгледуваат и користат прирачниците и другите публикации на РЕЦ кои се достапни во електронска форма. Моментално е изготвена само македонската верзија на страницата, додека верзијата на англиски јазик ќе биде подготвена во наредниот период.

Сите заинтересирани можат да ја посетат страницата на адресата http://www.rec.org.mk.

Имајќи го во предвид фактот дека ниеден веб сајт никогаш не е целосно готов, Вашата повратна информација е добредојдена, а истата можете да ја испратите на webmaster@rec.org.mk.



# Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Босна и Херцеговина и Југославија. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животнатасредина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени такашто ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







Регионален центар за заштита
на животната средина
во Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. “Митрополит Теодосиј Гологанов“
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

e-mail: rec@rec.org.mk
тел: (02) 131 904
факс: (02) 128 116

*Прима:*